# Обврски на Ученичките тимови за техничка поддршка

- Од учениците се очекува да имаат еден формален час неделно со своите наставници ментори за да ги разгледаат материјалите кои што се содржани во прирачникот.
- Неколку ученици од тимот е потребно да дежураат во лабараторијата. Учениците од тимовите или ќе доаѓаат порано, или ќе останууваат по завршување на часовите, во зависнот од распоредот во училиштето.
- Учениците ќе бидат задолжени за превентивно одржување на компјутерите. Доколку се идентификува проблем со некој од компјутерите, наставникот ментор треба да биде известен за истиот по што ќе испрати група ученици да работат на отстранување на истиот.
- Учениците од тимовите исто така ќе бидат задолжени да помагаат на наставниците при ракување на компјутерите за потреби на одржување на наставата. Ова е посебно важно за училиштата кои што имаат лап топ компјутери.
- По завршувањенто на формалната обука, учениците треба да продолжат со сите гореспоненати активности.
- Откако учениците од 7-мо одделение ке преминат во 8-мо одделение, нивна задача ќе биде да извршат дисеминација на стекнатото знаење на новите седмо одделенци кои ќе бидат избрани од страна на наставниците – ментори.
- Зависно од потребите на училиштата, директорите и наставниците ментори ќе може да ја прошират оваа листа на активност за учениците од тимовите за техничка поддршла
- За комуникација помеѓу ученици од различни тимови, отворен е форум на образовниот портал до кој може да се пристапи преку следниов линк:

http://forum.schools.edu.mk/viewforum.php?f=34&sid=6395e55cb99e8cd3cd4f3e95e08f8014

- Ученичките тимови ќе треба да водат писмена евиденција за својата работа вклучувајки и тоа кој влегува и кој излегува од лабараторијата и кој компјутер користи, евиденција за сите настанати проблеми во училницата и исходот од сите пријавени проблеми.
- Пожелно би било учениците да се поделат во групи од по 2-3, па да се направи распоред која група во кој ден ќе биде дежурна (со цел да немора сите ученици секој ден да остануваат дополнително )
- За секоја интервенција врз компјутерите, учениците треба да водат писмена евиденција во компјутерското досие кое што треба да биде отворено за секој компјутер во училиштето.